# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Четврток, 14.6.2012

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија


ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ

## Едногласна поддршка на законот за пензионерите!

**Ќе остане запаметено и забележано дека создавањето услови за побрзо реализирање на заложбата на сегашното раководство на СЗПМ за донесување ваков закон е најголем дострел во развојот и дејствувањето на Сојузот**

Нема сомнение дека наскоро пензионерите во Република Македонија ќе добијат свој закон со кој ќе се воспостави поголем ред во пензионерското организирање и многу прашања и проблеми од животот во третата доба ќе бидат решени. Во меморијата на пензионерската организација ќе остане длабоко врежана и запаметена иницијативата за донесување ваков закон, која, за волја на вистината, постоеја од порано, но сегашното раководство ја наметна како приоритетна задача и со својата извонредна ангажираност и упорност, успеа да го забрза процесот во подготовката на текстот и да го даде на јавна расправа во здруженијата и сојузите на пензионери низ Републиката.



Членовите на СЗПМ дадоа висока оценка за подготовката на текстот на законот

Ќе остане запаметено дека особено голем интерес покажа базата на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, која даде сестрана едногласна поддршка на раководството за направениот напор и крајната посветеност за побрза реализација на постапката за ставање во процедура на предлог- закон за пензионерско организирање. Исто така, нема да се заборави дека од поведувањето на иницијативата, па сè до изготвувањето и утврдувањето на предлог-текстот за овој закон, СЗПМ го даде својот максимум и во соработка со Министерството за труд и социјална политика, како и со Владата на Република Македонија, издејствува предлогот да се достави до надлежната комисија за навреме да влезе во собраниска расправа.

### НОВА ИНИЦИЈАТИВА

Но да се вратиме на почетокот на годината, кога задачата за поведување нова иницијатива за донесување закон за пензионерско организирање СЗПМ ја утврди во програмата за работа и, веднаш по усвојувањето, премина во практична реализација. Речиси на сите состаноци, седници и други облици на работа, се нагласуваше приоритетот на оваа задача и се презедоа сите мерки навреме да се подготви иницијативниот текст за предлог-законот. По широката расправа по здруженијата и по вградувањето на повеќе предлози и сугестии од членството на сојузот, на неодамнешната проширена седница на ИО на СЗПМ беше утврден конечниот текст на предлог-законот, кој првпат во историјата на СЗПМ се подготви од тим на експерти и се достави на понатамошна постапка. Ќе остане запаметено и забележано дека создавањето услови за побрзо реализирање на заложбата на сегашното раководство на СЗПМ за донесување ваков закон е најголем дострел во развојот и дејствувањето на сојузот.

Восхитува фактот за едногласието на членството на сојузот, а посебно на членовите на ИО, кое беше искажано заедно со претставниците на Правно-економскиот форум и со членовите на експертскиот тим, кои дадоа целосна поддршка и висока оценка за подготовката на текстот. Уште поголема причина за задоволство е и фактот што во предлог-законот се поттикнува здружувањето на пензионерите на демократска основа, но во рамките на териториите на општините, поради подобра и пособоодветна организација и распределба на членарината. Притоа, со законот се предвидува преодна одредба што го регулира интегрирањето на паралелните здруженија во едно единствено на таа територија.

### АКТИВНО СТАРЕЕЊЕ

И да не ги набројуваме сите заслуги и дострели на актуелното раководство на СЗПМ, бидејќи по сите основи и критериуми тоа го заслужува почесното место во развојот на СЗПМ, затоа што со неговото доаѓање на чело на сојузот, на целата територија на СЗПМ се почувствува голема раздвиженост и висок степен на реализација на планираните задачи. Со постапката за донесување закон за пензионерско организирање се внесоа нови импулси и засилувања во натамошното дејствување и остварување на целите, кои првенствено се совпаѓаат со целите и интересите на членството.

И сè така по ред, доколку се анализираат одвоено сите остварени задачи, во целост ја отсликуваат заложбата и посветеноста на раководството на СЗПМ, кое внесува знаење, мудрост и искуство во сите активности и го поттикнува активното стареење во третата животна доба, а кое оваа година СЗПМ го зеде за мото во неговото дејствување, согласно определбите на Европската Унија, која 2012 ја прогласи за година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност. Сојузот на ЗП на Македонија се надева дека крајот на оваа година ќе биде крунисан со законот за пензионерско организирање, кој сите со душа го чекаме.

М. Димовски

СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ СПИРО РИСТОВСКИ

## Пензионерите задоволни од новите владини мерки

Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, оствари средба со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, на која беше презентиран новиот пакет на економско-социјални мерки на Владата.



Со новиот пакет, Владата на корисниците на пензија им овозможува 50 проценти попуст за посета на театрите, музеите, опера, филхармонија и балет. Министерот Ристовски истакна дека Владата уште еднаш покажува дека води грижа за оваа категорија на лица.

- Со ваквата мерка обезбедуваме подобар и поквалитетен живот за пензионерите. Владата и натаму ќе продолжи да работи интензивно на спроведување на мерки со кои ќе обезбедува помирен и подостоинствен живот на пензионерите во Република Македонија, како еден од врвните приоритети на Министерството за труд и социјална политика и на Владата генерално - рече министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, по средбата.

Претставниците на Сојузот на пензионери на Македонија искажаа задоволство од мерките:

- Македонските пензионери се задоволни од последниот пакет-мерки на Владата. Тоа беа барања, на Градскиот сојуз на пензионери на Македонија и на другите здруженија, бидејќи пензионерите и пензионерските здруженија од државата масовно ги посетуваат културните институции - рече Драги Аргировски, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Целта на овој проект е да се направи подостапен пристапот до културните содржини што ги нудат културните институции во Македонија за социјално ранливите категории на граѓани, младите лица и пензионерите.

К.С.А.

ПИКНИК ВО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА



# „Бабина баница“ собра 2.000 посетители

**На пикникот настапија 16 екипи на пензионерки што се натпреваруваа со месење, сукање и печење на баници во подници и под вршник**

По повод 100 години од Првата балканска војна и верскиот празник „Св.Константин и Елена“, на 3 јуни годинава, Здружението на пензионери на општината Македонска Каменица организира пикник со натпревар наречен „Бабина баница“. Во соработка и со поддршка од локалната самоуправа собирот се одржа на отворено, во село Цера, на местото викано Еленец.

Собирот се одржа на една прекрасна висорамнина на надморска височина од 1.263 метри, во рамките на црковниот комплекс „Покровита Богородица“ во присуство на над 2.000 посетители, од кои поголемиот дел беа пензионери од повеќе здруженија од источниот дел на нашата држава. Овој собир се одржува за прв пат и ќе биде традиционален, истакна градоначалникот на општината Македонска Каменица, м-р Дарко Митевски, на свеченото отворање на оваа средба. Во своето поздравно обраќање тој упати апел до сите присутни за поддршка и заживување на овој прекрасен планински локалитет, богат со дабова и борова шума, како и други убавини што ги дала природата. За одбележување е дека во непосредна близина се наоѓа Спомен костурницата од Првата и од Втората балканска војна.

На присутните со свој поздравен говор им се обрати и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Драги Аргировски, кој даде целосна поддршка на овој масовен собир и рече:

- Оваа средба е значајна по тоа што претставува дружење на пензионерите од повеќе здруженија и придонесува за активно стареење на пензионерите.

Собирот го поздрави и претседателот на ЗП Македонска Каменица, Видан Коневски.

Покрај настапот на многу пензионери-играорци и песнопојци, беше организиран и натпревар под името „Бабина баница“. Настапија 16 екипи на пензионерки кои се натпреваруваа во месење, сукање и печење на баници во подници и под вршник, притоа потсетувајќи ги присутните на времињата кога нашите баби го правеле тоа. За најуспешните натпреварувачи во кулинарскиот дел и во културно-уметничката програма организаторот на средбата обезбеди парични награди за освоеното прво, второ и трето место.

Напладне сите присутни имаа можност да вкусат од подготвената јагнешка курбан чорба. Забавата продолжи до доцните попладневни часови со настапот на познатиот интерпретатор на народни песни Круме Спасовски.

За добрата и содржајна организација упатуваме честитки до домаќините на оваа успешна средба, со надеж дека ваквата средба ќе премине во традиција.

**С.Билински**

ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ПОД МОТОТО „ЗАПОЗНАЈ СИ ЈА ТАТКОВИНАТА“ - НИЗ РЕГИОН БЕЗ НАРОД

# Ех, Мариово – таго македонска!

**Волку народ не сме виделе уште од времето кога дојдовме тука, како млади моми доведени од околината на Ужице (Србија) за мажење во Мариово**

На 29 мај, домаќинот – ЗП Прилеп покани неколку здруженија на пензионери од Македонија да го посетат скоро иселеното Витолиште, до пред само неколку години административен центар од прилепскиот дел на Мариово. На задоволство на домаќинот, тој ден – 29 мај, во Витолиште пристигнаа над десетина автобуси од Охрид, Битола, Прилеп, Скопје и од Велес со близу 1.000 туристи–пензионери.

- Волку народ не сме виделе уште од времето кога дојдовме тука, како млади моми доведени од околината на Ужице (Србија) за мажење во Мариово - ни раскажаа три бабички кои навлегле во осмата деценија од животот, жители на Витолиште. Педесетина пензионери од велешкиот автобус ѝ се воодушевуваа на глетката што ја гледаа пред себе, патувајќи во утринските часови од Велес до Прилеп.

### НЕМА НИ КУЧЕ ДА ЗАЛАЕ

По долината на Вардар, до Градско, вриеше како во кошница. Луѓето ги обработуваа своите ниви и лозја. Росоманските праскарници беа полни со работници и разни земјоделски машини, се прскаше, се косеше. Во Прилепско луѓето ги садеа тутуните. И сѐ така до преслапот „Слива“ на 5 километри од раскрсницата за Мариово. Оттука до Витолиште, над 40 километри, сретнавме само двајца овчари. Новоасфалтираните патишта кон Крушевица, Дуње, Вепрчани – празни: ниту возило не сретнавме, ниту човек. Не се чу ни лаеж од кучиња. Мртва тишина. Се слушаше само тивкото брмчење на автобусот. Сите се прашувавме што се случило со населението од селата распрснати по падините на ридиштата. А природата – прекрасна, недопрена, чиста, си мислиш дека ти дава сила, енергија со која би можел да живееш без храна и по неколку дена. Пред Црна Река сретнавме еден човек кој ни рече дека заминале веќе неколку автобуси пред нас и праша:

„Да не има некоја конференција или панаѓур!?“ (тоа го кажа на прекрасен мариовско-тиквешки дијалект, што





Весела атмосфера со звуците на гајдата

остави силен впечаток кај пензионерите во автобусот.

### ПРЕКРАСЕН КАЊОНОТ НА ЦРНА РЕКА

Повеќето од пензионерите за првпат слушнале за Мариово, а некои од нив мислеа дека е тоа некое село или мало гратче, а не напуштен регион чија површина изнесува над 2.000 км квадратни. Минувајќи преку Расим-бегов мост, од десната страна му се воодушевуваме на прекрасниот кањон на Црна Река и на нејзините бујни и заматени води. Тука, во непосредна близина треба да никнат две огромни брани, Чебрен и Галиште, чии вештачки езера ќе овозможат производство на големо количество електрична енергија, а ќе има и големи можности за развој на туризмот, за миграција на населението, во обратна насока од онаа пред пет-шест децении, град-село. Тогаш Мариово со неговите села ќе оживее, ќе оживеат и напуштените ниви покрај Црна, напуштените трла, ќе забелеат падините со илјадници овци, ќе блеат јагнињата, ќе се слушаат телињата, ќе започне одново да се произведуваат стотици тони биено сирење – ќе заживее радоста и по овие македонски села.

Во селото Витолиште сретнавме три осамени бабички и тројца службеници во црквата „Свети Атанасиј“. Се забележуваше и убаво, но и трогателно чувство кај гостите. Видовме и малку домашни животни што се броеја на прсти, еден мариовски сончев колектор (метално буре од 200 литри, поставено на покривот на една штала). Оттука се упативме кон манастирот „Свети Илија“. Тука имаше другарување, средби, малку оро на мариовска гајда, но Мариовци во Мариово немаше, освен некои од гостите кои потекнуваа од овие села, но уште како мали, со своите родители се преселиле некаде по градовите во Македонија. Тие ги побараа нивните куќи, но од нив ни камен на камен не останало, им се изгубила трагата. А, колку е тажна приказната на бабичките што се омажиле во Мариово за подобар живот. А, ние, воодушевени од она што го видовме како дело на природата и разочарани од она што го направила цивилизацијата – испустување на десетици села, си заминавме со впечатоци што до крајот на животот нема да ги заборавиме. Го видовме Мариово без Мариовци.

**Нада Алексоска**

СРЕДБА ПО 60 ГОДИНИ ОД МАТУРА

# Генерација што даде 20 доктори на науки

**Дел од генерацијата што се собра на 60-годишнината од својата матура беше држечкиот столб на универзитетскиот кадар на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**

На 12 мај оваа година, во 12 часот, во пивницата „Национал“ се одржа средба на некогашните матуранти на женската гимназија „Јосип Броз-Тито“ и машката гимназија „Цветан Димов“ од 1952 година, за да прослават 60 години од нивната разделба од школските клупи.

Тогаш младите матуранти-ентузијасти што се калеа по работните акции, како пчели се разлетаа по факултетите, да собираат нектар од знаење, да досегнат нови видици. Средбата беше полна со емоции, искрени прегратки, смеа и потсетување на деновите од младоста.

Од генерацијата, која броеше околу 130 ученици, на 60-годишнината се собравме четириесетина матуранти.

Чувството на гордост што јас со својата маленкост сум дел од оваа генерација, која остави силен белег во развојот и афирмирањето на нашата држава, ме натера да ги пишувам овие редови.

Дел од генерацијата што се собра на 60-годишнината од својата матура беше држечкиот столб на универзитетскиот кадар на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Генерација што даде 20 доктори на науки, 18 универзитетски професори и повеќе директори на катедри.

Прв декан на Машинскиот факултет беше Илија Черепналков, а Дионис Манов еден од деканите на Електротехничкиот факултет, каде што професор по физика беше Михајло Толев. Круме Калајџиев беше долгогодишен шеф на Катедрата по хемија на Природно-математичкиот факултет. Декан на Медицинскиот факултет и проректор на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ беше Миле Јовановски. Момчило Лазаревски беше долгогодишен директор на Гинеколошката клиника и продекан на Медицинскиот факултет, а Никола Софијанов, шеф на Катедрата по педијатрија и долгогодишен директор на Клиниката за педијатрија. Продекан на Медицинскиот факултет беше и Јован Јуруковски. Кога веќе зборувам за Медицинскиот факултет, ќе ги споменам Коста Дохчев, кој долги години раководеше со Клиниката за кожни болести, Тихомир Кузмановски (шеф на Катедрата по неврологија), Здравко Тројачанец (шеф на Катедрата по физиологија), Николовски Драган (шеф на Катедрата по ОРЛ), Зоран Сајков, Делка Стојанова (Брмбевска), Натка Бошковска (Стоматолошка клиника), Ангел Трајков, Стефан Бауер, како еден од основачите на Фармацевтскиот факултет и декан, кој се посвети на создавање дипломирани фармацевти, кои беа дефицитарен кадар во земјата.

Во судството свој печат оставија Трајан Младеновски, Мето Муратовски, Феми Муча и Трајко Угриновски.

Матурантите од 1952 година се докажаа и во инженерската струка, како Данев Богољуб, Небојша Спировски, Миле Станковиќ, Бранко Поповски, Милош Бундалевски, Милан Раичковиќ, нашите драги другари Катана Осман, Шабан Ветон и Идриз Адем, кој стана професор на Универзитетот во Истанбул, а неговото експертско знаење сѐ уште го користи компанијата „Енка“, која изведува градежни работи низ целиот свет.

Не беше мал бројот на завршени лекари, кои ги исполнија здравствените домови и болниците во Скопје и републиката, во функција на чувари на здравјето на граѓаните: Глигор Ковачев, Велимир Панзовски, Сретен Поповски, Коста Папатеодосиев, Славко Иванов, Славка Спирова, Љупка (Андонова) Самарџиска, Евдокија Гркова, Хампарцун Кудијан, Борче Стефановски, Радица Тасева, Јага Хрисула Китановска, Ангел Јанев, Борис Сименов, Душан Бурко, Тодор Парнаџиев, Стево Марцетиќ и Драги Гечев.

Еден од стожерите на секое општество е просветата. Повеќето од нашите другарки, или како што милувавме да ги викаме нашите девојчиња, се реализираа во просветно-образовната дејност: Милка Бајалска, Даница Павлова, Олга Минчева, Цветанка (Леова) Ефремова, Драгица (Костадинова) Старделова, Лидија Славејкова и уште многу други, чии имиња не сум во состојба да ги напишам (сепак моите 80 години си го направиле своето). Во групата просветни работници беше и Димитрие Максиќ, професор по хемија.

Во македонската кинематографија ќе биде запаметен филмот „Исправи се Делфина“ на Александар Ѓурчинов.

Спортската сцена ја обележаа имиња како Вучидолов и Благоја Видиниќ, врвни фудбалери на ФК Вардар, со кои се гордеевме како генерација. Тука е и името на Драган Геровски, кој беше прогласен и за најдобар ракометар на 20 век за Р. Македонија.

Не бевме непогрешлива генерација. Имавме многу палавштини како и сите млади. Така, паметам еднаш организирано побегнавме од часот по латински, кој го држеше нашата драга професорка Мина. Се разбира, по случката следуваше и казна. Бегањето го организираше Љупчо Кирков, кој беше одличен ученик, а подоцна стана познат новинар во МРТВ Скопје. Во МРТВ својот работен век го помина и Светислав Ќурапов, дипломиран електроинженер. Со зачетоците на МРТВ, кога почнаа првите настапи во живо, е поврзано името на Велко Трпчевски, пејач на забавни и народни песни.

Тука би ги споменал Димитар Ѓуровиќ, Тихо Михајловски (долгогодишен директор во „Вечер“), Никола Најденов и Веска Сарева.

Нека ми извинат оние другари што не сакајќи останаа неспомнати.

Сликите што ги гледате покажуваат дел од нашите средби, кои и покрај секојдневното дружење, редовно ги одржуваме на секои пет години, па еве и оваа, одбележувајќи 60 години матура. Секоја средба се чека со нетрпение и е можност повторно да се потсетиме на школските клупи. Со право велам дека сум горд што сум дел од ваква генерација.



Од генерацијата, која броела околу 130 ученици, на 60-годишнината се собрале четириесетина матуранти

**Прим. д-р Драги Гечев (пензионер)**



ЈУБИЛЕЈ

# Десетгодишен успех на ревиите на пензионерите

**За разлика од првата ревија во Пробиштип, каде што учествуваа само 9 здруженија на пензионери, во 2011 година тој број се зголеми на 43, или за пет пати повеќе**

**Драги Аргировски**

Кога се прави анализа на ревиите на песна, музика и игри, што веќе десетта година ги организира СЗПМ, задолжително се истакнува историскиот податок дека во Пробиштип, во градот на рударите, беше зародишот на оваа значајна пензионерска културна манифестација.

Нагласената потреба пензионерите да станат верни чувари на културното наследство, на фолклорот и на идентитетот, придонесе пред една деценија Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија да донесе одлука за одржување ревија на фолклорни ансамбли, пејачки групи и оркестри кои ќе исполнуваат песни, музика и ора од различни региони на нашата земја.

### ПРВАТА РЕВИЈА ВО 2003 ГОДИНА

Првата ревија на песни, музика и игри се одржа на 12 ноември 2003 година во Пробиштип, каде што веќе постоеше пензионерско КУД кое долги години наназад го негуваше фолклорот и учествуваше на фолклорни приредби по повод разни свечености и фестивали.

На првата ревија, со свои ансамбли, пејачки групи и инструменталисти учествуваа само 9 здруженија на пензионери: Берово, Гази Баба-Скопје, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Куманово, Лозово, Прилеп и домаќинот Пробиштип. Сеќавањата не згаснуваат, особено кај тогашниот претседател на СЗПМ, Душко Шурбановски, и кај првиот претседател на комисијата за култура при Сојузот, Душан Перески, со членовите Милевка Здравковска, Фруска Костадиновска и Павле Спасев. Нивните сеќавања потсетуваат дека првата ревија се одржала во студена сала, но успешните настапи на пензионерите од деветте здруженија придонеле да се создаде топла атмосфера меѓу посетителите, кои со аплауз ги поздравувале сите учесници. Значи, самиот почеток на оваа значајна пензионерска културна манифестација беше успешен и даде поттик за натамошни поголеми амбиции и културни творештва на пензионерите од нашата земја.

Во септември и октомври 2004-та година се одржаа вторите регионални ревии во Штип, Велес и во Куманово, со учество на 24 здруженија, а третата во јуни-јули 2005 година во регионалните центри: Тетово, Неготино и Кочани. Истата година, на 7 октомври, се одржа и првата републичка фолклорна пензионерска ревија во Универзалната сала во Скопје.Тоа беше импозантен фолклорен пензионерски спектакл кој наиде на убав прием кај многубројните гледачи. Четвртата фолклорна ревија се одржа во три регионални центри и тоа во Свети Николе, Велес и Гостивар, а Струмица и Прилеп беа домаќини на меѓурегионалните центри.

Петтата пензионерска фолклорна ревија се одржа во Охрид, Куманово, Валандово и во Штип, а поради зголемениот интерес на здруженијата на пензионерите, во наредните четири години ревиите се одржуваа во пет регионални центри. Во 2008 година ревиите се одржаа во Радовиш, Кичево, Гевгелија, Кочани и во Скопје, потоа во 2009-та во Тетово, Крушево, Кавадарци, Берово и во Пробиштип, а во 2010 година, осмата ревија на македонското и етничкото богатство на нашата земја се одржа во Свети Николе, Прилеп, Виница, Скопје и во Струмица. Деветтата ревија на песни, музика и игри минатата година беше успешно организирана во Валандово, во Скопје (во Домот на АРМ), во Крива Паланка, Кичево и Македонска Каменица.

Секако дека ова културно дружење на пензионерите придонесува за обновување и за збогатување на нашата фолклорна ризница, но и за дружење, релаксација и активно стареење, што е многу битно за третото животно доба. Фолклорот е стожер на нашата култура и традиција.

### МНОГУ ПОВЕЌЕ УЧЕСНИЦИ

На ревиите се откриваат и разните вкусови на фолклорните традиции, на народните песни и игри, на обичаите кои ги разгалуваат душите и ги растреперуваат срцата. Прогресот е очигледен. За разлика од првата ревија во Пробиштип, каде што учествуваа само 9 здруженија на пензионери, во 2011 година тој број се зголеми на 43 или за пет пати повеќе. Суштината на заштитата на оваа културно наследство лежи и во подигањето на свеста кај јавноста за вековно постоење на овој вид култура кај нас. Според тоа грижата за зачувување на старите музички вредности е и пензионерски аманет на идните генерации. Впрочем, ревиите сѐ повеќе стануваат празник на пензионерскиот живот, традиција што и натаму ќе се негува, со тоа што културниот набој на пензионерите постојано ќе се збогатува и со нови содржини, со драмски изведби, со поетски митинзи, со ликовни изложби, со домашни ракотворби на колоритни носии, со промоции на книги, со почесто присуство на театарски претстави, посета на музеи и друго. Сето тоа ќе придонесува и за подобрување на содржината и на квалитетот на животот на пензионерите.

Во 2012 година, јубилејната десетта по ред ревија на песни, музика и игри за прв пат ќе се одржи во шест региони, во Пробиштип, Куманово, Кавадарци, Тетово, Кочани и Битола, при што ќе се направи избор на најубавите изведби што ќе бидат изведени на републичка ревија, која се планира да се одржи по повод 20 Септември - Денот на пензионерите на Македонија. Јубилејната ревија на песни, музика и игри ќе претставува уште еден бисерен ѓердан нанижан од незаборавни песни и ора, кои пензионерите мудро и со љубов ги чуваат од незаборав.





НОВА СТИХОЗБИРКА ЗА ДЕЦА

# Промоција на „Бисерен ѕвон“ од Цвета Спасикова

По повод светскиот ден на книгата во Штип, беше промовирана стихозбирката за деца „Бисерен ѕвон“ од афирмираниот и плоден творец Штипјанката Цвета Спасикова, која пишува поезија, драми и проза. Спасикова твори за сите генерации. Досега има издадено единаесет книги, а повеќето од нив ги има објавено како пензионер. Многуте награди зборуваат за квалитетот на нејзиното творештво.

Промоцијата на стихозбирката за деца „Бисерен ѕвон“ се одржа во НУУБ „Гоце Делчев“ во Штип. Најнапред беше прочитана повелбата на писателите од светот и пораката од македонските писатели од Александар Прокопиев. „Бисерен ѕвон“ е нејзина трета книга за деца. Промотор на збирката беше Јованка Кокошкарова професор по одделенска настава, а стихови од книгата рецитираа деца од градинката „Вера Цирвири - Трена“ и ученици од ООУ „Ванчо Прќе“ од Штип.

-Цвета Спасикова е поет кој умее да ги доближи песно творбите на детската популација, па затоа тие со леснотија ги учат и рецитираат. Творбите имаат интересни содржини, рима и ритам, што ги чини певливи и игриви. Поемата „Сказна за Аце“ за миленичето – маче, продолжува и во оваа стихозбирка. Во поемата на интересен начин се раскажува за доживувањата на миленичето коешто се одомило кај баба и дедо. Давајќи му особина на палаво, итро дете, поетесата индиректно и ненаметливо ги поучува децата. „Иднината им припаѓа на оние што веруваат во убавината на соништа“ рекла Елен Рузвелт, а јас велам дека творештвото за деца на Спасикова има своја иднина, - рече на промоцијата Кокошкарова.

**Задоволство ми е да пишувам за најмладите, за нивните итроштини, палавштини и прашања, бидејќи средбите со нив секогаш ме инспирираат да творам, вели авторката**

Инаку, еве што изјави за „Пензионерски видици“ авторката Спасикова:

-Децата се популација на која треба да им се понуди најубавото. Задоволство ми е да пишувам за најмладите, за нивните итроштини, палавштини и прашања, бидејќи средбите со нив секогаш ме инспирираат да творам. Оваа книга не им е наменета само на децата, туку и на бабите и дедовците. Книгата треба да ја читаат заедно. Така пензионерите ќе си го исполнат времето, а децата ќе си го збогатат духот. Факт е дека треба да се обнови и осовремени застарениот фонд на детска литература. „Што ќе си посадиме, со тоа ќе се сладиме“ поучува една народна поговорка. Не е доволна само поддршката од семејството. Во оваа пригода сакам да се заблагодарам за помошта при издавањето на оваа книга, што ја добив од Здружението на пензионерите на Штип и претседателот Михаил Василев.

Цвета Спасикова не престанува да сонува убави соништа. Таа продолжува да твори за деца и за возрасни, иако ја заокружува шестата деценија. Покрај тоа, активна е во НВО секторот, во ЗП Штип, во друштвото на писатели „Искра“, а е и долгогодишен дописник на „Пензионер плус“. Ги сака уметностите, ги сака луѓето, а посебно децата. Оваа книга ја посветила на внуката Суница, но убаво е да заѕвони во рацете на секое дете.

-Знаеме дека бабите и дедовците се добри сојузници на внуците. Затоа купувањето книга нека стане нивна заедничка навика, а читањето секојдневие, - вели Спасикова..

Цветанка Илиева

# Нов современ клуб во Кочани

Во присуство на голем број пензионери и граѓани деновиве во Кочани свечено се отвори новиот современ клуб за дневен престој на пензионерите. Отворајќи ја свеченоста, претседателот на здружението Ѓорѓи Серафимов ја истакна грижата за создавање современи услови за дружење во третата животна доба.

Новиот и добро опремен клуб свечено го предадоа во употреба министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, градоначалникот на Кочани, Ратко Димитровски, и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Тие во оваа пригода посебно ги истакнаа добрата соработка на Здружението на пензионерите со локалната самоуправа, која придонесе и ќе придонесува за отворање клубови за оваа популација.

К.Г.




# Дружење на пензионерите по повод Свети Кирил и Методиј

По повод денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, на 23 мај 2012 година, во салата на домот на културата „Ацо Шопов“ во Штип се одржа манифестацијата „Дружење со песна“. Пригоден говор одржа претседателот на ЗП Штип Михаил Василев, кој, меѓу другото, рече:

- Пензионерските дружења се покажаа повеќе од потребни. Особено на тие дружења со песна, пензионерите можат да ги покажат своите способности како пејачи и како музичари. Се надеваме дека оваа манифестација ќе прерасне во традиционална и ќе продолжи да се одржува во најубавиот месец мај и во наредните години, по повод денот на просветата.

Потоа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски ги поздрави присутните, при што нагласи дека активно се стареe, со дружење, со музички и со спортски манифестации, што е во склад со европските норми на живеење на пензионерите и луѓето од третото доба.

Концертот го отворија домаќините МП „Пензионерски цветови“ со песната „Словенски просветители“, посветена на Свети Кирил и Методиј. Песната наиде на убав прием кај публиката, која со силно ракопљескање ги награди изведувачите. Потоа се наредија бисерите од македонската ризница на песни како: „Велешките моми“ - Велес, „Облаци скитници“ - Гевгелија, „Лудо ми тера три коња“ - Неготино, „Насред село тапан чука“ - Ѓорче Петров, „Девојченце дал ме љубиш“ - Берово, „Погана“ - Прилеп, „Прва ружа Калина“ - Радовиш, „Во срце те носам“ - Куманово и „Јана си појде планина“ - Пробиштип. Некои од овие песни беа извадени од заборавот на времето и за првпат беа слушнати од публиката, која не го криеше задоволството и која ги награди сите учесници со силен аплауз.

Ц.Спасикова



Со музички и други манифестации активно се стареe

ОД 1 ЈУНИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

# Во Негорски бањи попуст и до 30 отсто

Членовите на здруженијата на пензионерите од нашата земја, почнувајќи од први јуни годинава, можат да користат посебни бенефиции за време на својот престој во здравствената установа - природно лекувалиште Негорски бањи. Тоа е договорено на работната средба што се одржа на 21 мај, на која присуствуваа раководни луѓе од повеќе здруженија на пензионери од речиси сите региони на Македонија, со раководниот тим предводен од директорот Лазар Самарџиев и оперативната директорка Ирена Бојаџиева. Единствено што треба да се стори е секое здружение поединечно да склучи договор со бањата, за што не постојат никакви пречки.

Секој член на пензионерската организација што има потреба од бањско-климатско лекување и физикална терапија во Негорски бањи, како што беше договорено, добива попуст од 10 отсто од редовната цена за своето сместување во хотелите „Јасен“, „Илинден“ и „Божур“. За да го искористи овој попуст, пензионерот треба да поседува писмен документ од своето матично здружение во вид на потврда или решение за престој во Негорски бањи. Овој документ ќе го издаваат здруженијата. Пет месеци во текот на годината пензионерите можат да користат дополнителен попуст од уште 20 отсто во јануари, февруари, март, јули и во декември. Со упат од матичен лекар за сите видови физикална терапија што се практикува во Негорски бањи, независно од поединечната редовна цена на услугите и колку вида терапија се потребни, пензионерите ќе плаќаат само по 50 денари дневно. За овој вид терапевтски услуги досега се наплатуваше многу повеќе.

Освен сите удобности што ги овозможува комплексот Негорски бањи, сметајќи на природната убавина, амбиентот, мирот, тишината, сместувањето, исхраната и сè друго, сега се договорени и поприфатливи цени за пензионерите да можат релаксирано да ги минуваат годините од „третата доба“, со значително поублажени здравствени тегоби на коските, зглобовите, органите за варење, кожата, уринарниот систем и цела палета на можни заболувања на човечкиот организам.

С. Димовски

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат:
Калина Сливовска Андонова и Мендо Димовски од СЗПМ и Александар Димковски и Марјан Делевски од „Нова Македонија“